Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за координација и техничка помош на министерот -

Архивски број: 14-6151/1
Датум: 07-10-2020

## Министерство за труд и социјална политика објавува Јавен оглас за 2 (две) информатори во рамките на проектот "Ромски Информативни центри"

Министерството за труд и социјална политика има потреба од ангажирање на 2 (две) информатори на определено време за потребите на проектот "Ромски Информативни центри" и тоа:

- 1 (еден) информатор за ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, и
- 1 (еден) информатор за ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје - Шуто Оризари, во рамките на проектот "Ромски Информативни центри",

Позицијата информатори во Ромските Информативни центри ќе биде финансиски поддржана од страна на Министерството за труд и социјална политика.

**Услови**

- **да има завршено минимум IV степен средно образование**
- **да има работно искуство со работни активности поврзани со ромската заедница**
- **други способности и вештини**

Ова е позиција со работно време од Понеделник до Петок од 07.30/08.30 до 15.30/16.30 часот со фиксен временски договор и платени надоместоци за здравствено осигурување и работен стаж, за период на времетраење на проектот во Министерството за труд и социјална политика до 31.12.2020 година, со можност за продолжување во зависност од продолжувањето на проектот и останати други услови.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Лицата ќе бидат ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и е предвидена **месечна бруто плата во износ од 21.776,00 денари.**

Сите заинтересирани кандидати потребно е да ја испратат следната документација :

1. ЦВ (работна биографија) на македонски јазик;
2. Писмо за мотивација на македонски јазик (своерачно потпишано) во писмото да се наведе за кое работно место аплицира, односно информатор за кој ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа,
3. Копија од диплома за завршен IV степен - средно образование

Јавниот оглас трае 7 (седум) работни дена, почнува од 07.10.2020 година и завршува заклучно со 16.10.2020 година.

Документите за пријавување на јавниот оглас треба да бидат доставени по пошта **најдоцна до 16.10.2020 година до 16.30 часот** на следната адреса:

**Министерство за труд и социјална политика**
**Проект: „Ромски информативни центри "**
**Ул. „Даме Груев" бр.14**
**1000, Скопје**

**Со назнака: Одделение за имплементација на Стратегијата за Ромите**

На горниот десен агол од пликото да се наведе Јавен оглас за информатори и да стои назнаката –„**НЕ ОТВОРАЈ„.**

Некомплетните и ненавремено доставените документи Комисијата нема да ги земе во предвид за разгледување.

За дополнителни прашања може да се обратите секој работен ден од 08.00 - 16.00 часот на тел. 02/3223-834.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Работните задачи на ангажираните лица како информатори во Ромските информативни центри се:

1. Информативни услуги и логистичка подршка за граѓаните

- застапување, преставување и логистичка подршка на локалното население во остварувањето на одредени услуги и права од приоритетните области дефинирани во Националната Стратегијата на Ромите и Акционите планови;

- Навремено информирање на заедницата за сите конкурси и повици од јавен интерес со посебен фокус на активните мерки за вработување, мерките од социјална зашита и работа со лицата без документи

- иницира информативни средби со локалната заедница и инстутуциите кои согласно дадениот контектс може да бидат и онлајн,

2. Воспоставување на линк и комуникација со граѓаните, институциите и медиумите на локално ниво

3. Континуирано јакнење на личните капацитети за техничка и институционална подршка за ромската заедница

- учествува во обуки и работилници за градење на капацитетите

4. Претставување и застапување на заедницата во однос на остварување на нивните и обврски пред институциите и градење на локални партнерства

- учество во формирањето, и работата на локалните тимови и кризни штабови на локално ниво составени од претставници на локалните партнери и од институциите ,

- известување за резултатите и процесот на имплементација на проектите од Министерството за труд и социјална политика според договорениот распоред и формати. –

- Идентификува потреби и проблеми на заедницата

- Влијае на мотивацијата на заедницата за поголемо учество во обуки и прекфалификации од активни мерки за вработување


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

- Сектор за координација и техничка помош на министерот -

- работи на подобрување на остварувањето на услугите и правата на ромската заедница преку потикнување на заемната соработка на институциите и локалната заедница.

- Соработува со локалните невладини организаци заради поголема информираност при имплементирање на проекти од интерес на локалната заедница

- работи проактивно и учествува во локални настани поврзани со имплементирањето на локални политики за Роми.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk